Department of
**Health**

GOVERNMENT OF
WESTERN AUSTRALIA

# Одобрени информации за лице кое поднесува Прво барање (First Request) за доброволно помогнато умирање

# Одобрени информации за лице кое поднесува Прво барање за доброволно помогнато умирање

Овие одобрени информации треба да му се дадат на пациент кој при медицинска консултација на докторот му дава формално Прво барање за доброволно помогнато умирање (во согласност со Дел 20(4)(b) од *Законот за доброволно помогнато умирање - Voluntary Assisted Dying Act од 2019*). Овие информации може да се дадат заедно со други информации во случаи кога тоа е соодветно.

Доброволното помогнато умирање е една од неколкуте избори кои пациентот може да ги има на крај на животот. Пациентот треба да знае за сите опции кои ги има на крај на животот, вклучувајќи ја палијативната нега.

Државната служба на Западна Австралија за информации и помош за доброволно помогнато умирање (The Western Australian Voluntary Assisted Dying Statewide Care Navigator Service - SWCNS) им стои на располагање на пациентите со цел да им нуди поддршка и да одговори на прашањата кои тие можеби ги имаат во врска со доброволното помогнато умирање. Во оваа книшка се вклучени поединости за SWCNS и други можности за достапна поддршка.

SWCNS може да се контактира преку имејл и телефон во текот на стандардното работно време (8:30 наутро – 5:00 попладне).

**Имејл:** **VADcarenavigator@health.wa.gov.au**
**Телефон:** **(08) 9431 2755**

# Информации за доброволно помогнато умирање

## Што е доброволно помогнато умирање?

Доброволно помогнато умирање е законска постапка со која му се овозможува на пациент да користи лекарство кое ќе ја предизвика неговата смрт. Ова лекарство се вика супстанца за доброволно помогнато умирање. Пациентот може да избере сам да ја прими супстанцата или истата да му ја даде доктор или медицинска сестра во време и место што самиот ќе ги избере.

Терминот „доброволно помогнато умирање" ја нагласува доброволната природа на изборот на пациентот и неговата трајна способност да ја донесе одлуката. *Законот за доброволно помогнато умирање од 2019* (Законот) е законска регулатива со која се регулира доброволното помогнато умирање во Западна Австралија (WA).

## Кој има право на помош за доброволно помогнато умирање?

### Возраст

Лицето мора да е возрасно (на 18-годишна возраст или постаро).

### Жителство

Лицето мора да биде австралиски граѓанин или жител со постојан престој и вообичаено да е жител во Западна Австралија најмалку 12 месеци пред да го поднесе Првото барање.

### Медицински барања

На лицето мора да му е поставена дијагноза за најмалку една болест или медицинска состојба која е во одмината фаза, која се влошува и која (врз основа на веројатност) ќе предизвика смрт во рок од шест месеци или во рок од 12 месеци ако станува збор за невродегенеративна болест.

Болеста или медицинската состојба мора да предизвикува страдање кое не може да се олесни на начин кој лицето може да го поднесе.

## Способност за донесување одлуки

Лицето мора да биде способно да донесува одлуки во врска со доброволно помогнатото умирање.

Тоа значи дека лицето мора да биде способно:

- да ги разбира сите информации или препораки во врска со доброволно помогнато умирање кои треба да ги добие
- да ги разбира работите кои се вклучени во одлуката за доброволно помогнато умирање
- да ги разбира последиците од одлуката за доброволно помогнато умирање
- да ги земе во предвид сите овие фактори со цел да донесе одлука за доброволно помогнато умирање
- на некој начин да ја соопшти одлуката.

## Доброволност

Лицето мора да дејствува доброволно и без принуда (т.е. без присила, влијание или наговарање од друго лице).

## Трајно барање

Барањето на лицето мора да биде трајно (да трае одредено време).

**Доколку лицето не ги исполнува сите услови за да има право на доброволно помогнато умирање, тој/таа не ќе може да користи помош за доброволно помогнато умирање.**

# Информации за постапката на доброволно помогнато умирање

Докторите кои се вклучени во постапките за доброволно помогнато умирање се квалификувани да им нудат поддршка на нивните пациенти. Докторите мора да исполнуваат одредени барања за да можат да учествуваат во постапката за доброволно помогнато умирање и мора да завршат задолжителна обука пред да можат да бидат вклучени во истата. Ако во постапката е вклучена медицинска сестра, таа исто така мора да ги исполнува одредените барања и да ја има завршено задолжителната обука.

Постапката за доброволно помогнато умирање не започнува со разговорот со доктор или медицинска сестра. За да започне постапката потребно е пациентот да поднесе јасно и недвосмислено барање за помош за доброволно умирање, познато како Прво барање. Според законот, постапката започнува со Првото барање.

Во постапката за доброволно помогнато умирање постојат 10 чекори. Чекорите 1 до 6 се однесуваат на постапките во врска со барањето и процена на истото. Чекорите 7 до 10 се однесуваат на постапката на давање на супстанцата за доброволно помогнато умирање. Пациентот може да ја прекине постапката во било кој момент.



## 1. Прво барање

Првото барање е барање за помош за доброволно умирање кое пациентот му го поднесува на докторот при медицинска консултација. Пациентот мора јасно и недвосмислено да му каже на докторот дека тој/таа сака да користи помош за доброволно умирање.

Докторот ќе одлучи дали ќе го прифати или одбие Првото барање. Докторот може да го одбие барањето затоа што не се согласува со доброволното помогнато умирање (е против доброволно помогнато умирање поради приговор на совеста) или затоа што не ги исполнува условите или не е во состојба да го прифати барањето. Без разлика дали ќе го прифати или одбие Првото барање, докторот мора да го информира пациентот за доброволно помогнатото умирање во Западна Австралија (WA).

Ако англискиот не е мајчин јазик на пациентот или ако тој/таа има потешкотии да комуницира, при поднесувањето на Првото барање може да се користи преведувач или помагало за комуницирање. Ако медицинската консултација се изведува преку ‘теле-здравство’, тогаш мора да се користи апликација за видео конференција така што докторот ќе може да го гледа и слуша пациентот и да разговара за неговото/нејзиното барање.

## 2. Прва процена (First Assessment)

Откако докторот ќе го прифати Првото барање, тој ќе стане доктор-координатор (Coordinating Practitioner) за пациентот. Во оваа улога, тој ќе ја координира постапката за доброволно помогнато умирање за пациентот. Првиот чекор за докторот-координатор е да направи официјална процена дали пациентот има право на доброволно помогнато умирање за да се осигура дека тој/таа ги исполнува сите услови според законот. Оваа процена се вика Прва процена.

Ако пациентот не се согласува со исходот од Првата процена, тој/таа може да побара од Државниот трибунал за административни работи (State Administrative Tribunal - SAT) повторно да разгледа некои од одлуките донесени при процената. Ова исто така се однесува на Процената од доктор-консултант и Крајното разгледување.

### 3. Процена од доктор-консултант (Consulting Assessment)

Ако резултатот од Првата процена е дека пациентот исполнува услови за доброволно помогнато умирање, докторот-координатор ќе го упати на друг доктор за процена. Овој доктор станува доктор-консултант (Consulting Practitioner) за пациентот и независно ќе процени дали пациентот ги исполнува условите за доброволно помогнато умирање. Ова е Процена од доктор-консултант.

### 4. Писмена изјава (Written Declaration)

Ако докторот-консултант и докторот-координатор проценат дека пациентот исполнува услови за доброволно помогнато умирање, пациентот може да напише Писмена изјава во присуство на два сведоци, со која ќе бара пристап до доброволно помогнато умирање.

### 5. Крајно барање (Final Request)

Ако пациентот состави Писмена изјава, тој/таа тогаш може да поднесе Крајно барање за помош за доброволно помогнато умирање до докторот-координатор. Крајното барање не може да се поднесе пред истекот на назначениот период од девет дена кој започнува на денот на Првото барање.

Ако докторот-координатор и докторот-консултант веруваат дека пациентот ќе умре или изгуби способност да донесува одлуки во врска со доброволно помогнатото умирање пред да истече назначениот период, тогаш можеби ќе му се дозволи на пациентот да ја користи супстанцата за доброволно помогнато умирање порано.

Крајното барање помага да се осигура дека одлуката на пациентот да користи помош при доброволно помогнато умирање е трајна и дека не се променила. Ако пацентот поднесе полноважно Крајно барање, тогаш докторот-координатор ќе ја започне постапката на Крајно разгледување.

### 6. Крајно разгледување (Final Review)

При Крајното разгледување е потребно докторот-координатор да провери дали постапката на барање и разгледувањето е извршена во согласност со законот. Тоа значи дека докторот-координатор мора да осигура дека пациентот се уште е способен да донесува одлуки во врска со доброволно помогнато умирање, дека делува доброволно и без принуда, и дека се уште сака да користи помош за доброволно помогнато умирање.

**Важно е да се запамти дека пациентот може да ја прекине постапката за доброволно потпомогнато умирање во било кој момент. Пациентот не е обврзан да продолжи понатаму дури и после завршување на постапката за барање и процена.**

## 7. Одлука за ставање на лекарството (Administration Decision)

Пациентот ќе треба да одлучи, со помош на докторот-координатор, дали самиот/самата ќе ја употреби супстанцата за доброволно помогнато умирање (да ја земе сам/сама) или ако е соодветно, тоа да го направи доктор/медицинска сестра задолжен/а за ставање на супстанца за доброволно потпомогнато умирање (Administering Practitioner). Докторот-координатор е тој кој вообичаено е задолжен за ставање на супстанцата. Во некои случаи, друг доктор или медицинска сестра, кој/која исполнува услови да го прави тоа, може да ја преземе улогата на доктор/медицинска сестра задолжен/а за ставање на супстанца за доброволно помогнато умирање.

Ако пациентот одлучи сам да си ја стави супстанцата за доброволно потпомогнато умирање, тој/таа мора да назначи лице за контакт (Contact Person) пред докторот-координатор да може да ја препише супстанцата за доброволно помогнато умирање.

## 8. Рецепт

Докторот-координатор ќе ја препише супстанцата за доброволно помогнато умирање. Пред да го препише рецептот, докторот е обврзан да му даде на пациентот одредени информации за супстанцата.

За разлика од повеќето лекови, рецептот нема да му се даде на пациентот. Наместо тоа, докторот-координатор ќе му го даде рецептот директно на Овластениот снабдувач (Authorised Supplier) во Западноавстралиската државна фармацевтска служба за доброволно помогнато умирање (Western Australian Voluntary Assisted Dying Statewide Pharmacy Service - SWPS).

## 9. Давање и користење на супстанцата за доброволно помогнато умирање

Супстанцата за доброволно помогнато умирање не смее да ја даде Овластениот снабдувач во SWPS освен ако го добиле рецептот од докторот-координатор и ја потврдиле неговата веродостојност.

Ако пациентот одлучил сам да си ја стави супстанцата за доброволно помогнато умирање, Овластениот снабдувач може да му ја даде директно нему/неа, на лицето за контакт или на некое друго лице кое може да ја земе супстанцата во име на пациентот. Овластениот снабдувач ќе подготви писмени информации за супстанцата за доброволно помогнато умирање (вклучително упатства за чување и употреба) и ќе му ги даде на лицето кое ќе ја земе супстанцата.

Ако пациентот одлучил супстанцата за доброволно помогнато умирање да му ја стави доктор или медицинска сестра (т.е. доктор/медицинска сестра задолжен/а за ставање на супстанца за доброволно помогнато умирање), Овластениот снабдувач ќе му ја даде супстанцата директно нему/нea (тој/таа ќе преземе одговорност за супстанцата се додека таа не се употреби).

### 10. Уверение за смрт

Законот налага доброволното помогнато умирање да не се спомнува во уверението за смрт на пациентот. Целта е да се почитува и заштити приватноста на пациентот (а можеби и на неговото/нејзиното семејство). Докторот кој ја потврдува и посведочува смртта на пациентот ќе ја заведе неговата/нејзината основна болест или медицинска состојба како причина за смртта.

# Информации после Прво барање

## Одлука на доктор

Бидејќи поднесовте Прво барање до доктор, тој мора да одлучи дали ќе го прифати или одбие барањето. Без разлика дали докторот ќе го прифати или одбие барањето, тој мора да ви ја даде оваа информативна книшка.

Ако докторот не се согласува со доброволно помогнато умирање (тој е против доброволно помогнато умирање поради приговор на совеста), тој мора **веднаш** да го одбие вашето Прво барање и да ве информира дека нема да може да ви помогне да користите помош при доброволно умирање.

Ако докторот не е против доброволно помогнато умирање поради приговор на совеста, тој мора да ве информира дали го одбива или прифаќа вашето барање во рок од два дена откако ќе го поднесете Првото барање. Не сите доктори ќе можат да прифатат прво барање за

доброволно помогнато умирање. Тие можеби не ги исполнуваат барањата за доктори кои можат да го прават тоа (на пример, не работат доволно долго како доктори) или можеби имаат друга причина за одбивање (на пример, не се достапни).

## Што следува понатаму?

Ако докторот го прифати вашето Прво барање, тој ќе стане вашиот доктор-координатор. Како ваш доктор-координатор, тој ќе ја започне постапката за процена за да потврди дека ги исполнувате условите за користење на помош за доброволно умирање.

Ако докторот го одбие вашето Прво барање, ваша одлука е што ќе случи следно. Можете да изберете да поднесете Прво барање кај друг доктор.

## Какви информации и поддршка можат да се добијат?

Државната служба на Западна Австралија за информации и помош за доброволно помогнато умирање (SWCNS) ви стои на располагање да ви даде поддршка, информации и одговори на прашањата кои можеби ги имате. Со службата раководат медицински сестри и во неа работат здравствени стручни лица (Care Navigators) кои имаат искуство и се запознаети со правните и практичните аспекти на доброволното помогнато умирање во Западна Австралија (WA).

Овие здравствени стручни лица можат:

- да даваат општи информации за доброволно помогнато умирање
- да даваат специфични информации за постапката за доброволно помогнато умирање во Западна Австралија (WA)
- да помогнат при наоѓање на доктор или медицинска сестра кои се подготвени и ги исполнуваат условите да учествуваат во постапката
- да одлучат дали исполнувате услови да добивате пакети за поддршка во внатрешноста
- да ве поврзат со други корисни материјали.

SWCNS може да се контактира преку имејл и телефон во текот на стандарното работно време (8:30 наутро – 5:00 попладне).

**Имејл:** VADcarenavigator@health.wa.gov.au
**Телефон:** (08) 9431 2755

Понатамошни информации за доброволно помогнато умирање можат да се најдат онлајн од Одделот за здравство на Западна Австралија (WA Department of Health).

**Веб-страница:** ww2.health.wa.gov.au/voluntaryassisteddying

Во зависност од вашата ситуација, постојат други служби кои може да ви бидат од корист:

Службата за палијативна нега во Западна Австралија (Palliative Care WA) може да ви даде информации и поддршка за планирање на крајот на животот, палијативна нега, тага и загуба како и да ви помогне да најдете давател на услуги за палијативна нега во ваша близина со пребарување на нивниот онлајн именик или ако се јавите на нивната Телефонска линија за информации и поддршка во врска со палијативна нега (Palliative Care Information and Support Line).

**Веб-страница:** www.palliativecarewa.asn.au
**Телефон:** **1800 573 299** (9:00 наутро – 5:00 попладне, 7 дена во неделата)

Beyond Blue може да ви понуди поддршка во врска со менталното здравје и благосостојба, особено ако страдате од вознемиреност или депресија.

**Веб-страница:** www.beyondblue.org.au
**Телефон:** **1300 224 636** (во било кое време преку ден или ноќ)

Lifeline може да ви понуди поддршка во кризни ситуации ако ви е потребна итна помош да се справите со емоционална вознемиреност.

**Веб-страница:** www.lifeline.org.au
**Телефон:** **13 11 14** (во било кое време преку ден или ноќ)

## Што ќе се случи со моите лични податоци?

Управниот одбор за доброволно помогнато умирање е законско тело кое е формирано да обезбеди придржување до *Законот за доброволно помогнато умирање од 2019* и да препорачува подобрување на безбедноста и квалитетот. Управниот одбор се обврзува да ја штити приватноста на сите поединци кои поднесуваат барање за или имаат пристап до доброволно помогнато умирање во Западна Австралија. Повеќе информации за тоа како се контролираат вашите лични податоци се достапни во информативниот лист, *Информации за пациенти за нивните податоци (Information for patients about their data)*, кои се достапни на веб-страницата на Управниот одбор за доброволно помогнато умирање: www.health.wa.gov.au/voluntaryassisteddyingboard (во делот со наслов "Functions of the Board" - „Функции на управата").

## Доставување мислења за процесот на доброволно помогнато умирање

Секој што е вклучен во процесот на доброволно помогнато умирање (на пример, пациент, семејство, доктор) можеби ќе сака да го сподели неговото/нејзиното лично искуство или мислење со Управниот одбор за доброволно помогнато умирање за тој процес. Тоа може да се направи со пополнување на *формуларот „Лично мислење" (Personal Reflections)*.

Формуларот се наоѓа на веб-страницата на Управниот одбор за доброволно помогнато умирање: www.health.wa.gov.au/voluntaryassisteddyingboard (во делот со наслов "Functions of the Board"). Формуларот исто така можете да го побарате од SWCNS, или од вашиот доктор-координатор или доктор-консултант.

Можете да го пополните *формуларот „Лично мислење"* во било која фаза од процесот на доброволно помогнато умирање.

## Информации за поднесување на жалби

Ако сте загрижени во врска со вашето искуство при постапката за доброволно помогнато умирање, за тоа прво треба да разговарате со соодветното лице, давателот на услуги или агенцијата (која би требало да има постапка за поднесување на жалби која ќе можете да ја следите).

Можете да поднесете жалба до Службата за жалби во врска со здравствени услуги и услуги за лица со попреченост (Health and Disability Services Complaint Office - HaDSCO) против поединци или организации кои нудат здравствени услуги, услуги за лица со попреченост или услуги во врска со менталното здравје. Повеќе информации можете да најдете на веб-страницата на HaDSCO (www.hadsco.wa.gov.au).

Можете да се обратите до Австралиската агенција за регулирање на здравствени работници (Australian Health Practitioner Regulation Agency - AHPRA) за работите кои ве загрижуваат во врска со однесувањето или работата на регистриран здравствен работник. Повеќе информаци можете да најдете на веб-страницата на AHPRA (www.ahpra.gov.au).

Можете да се обратите до Управата за доброволно помогнато умирање (Voluntary Assisted Dying Board) ако сте загрижени дека некое здравствено стручно лице не ги исполнува барањата според законот. Повеќе информации можете да најдете на веб-страницата на Управата за доброволно помогнато умирање (ww2.health.wa.gov.au/voluntaryassisteddyingboard).

Овој документ може да биде достапен во други формати на барање за лице со попреченост.

Книшката ја подготви Health Networks
© Department of Health 2022

Авторските права на овој материјал припаѓаат на државата на Западна Австралија освен ако тоа не е поинаку наведено. Освен било каква употреба за приватно испитување, истражување, критика или прегледување, кои се дозволени со одредбите на *Законот за авторско право (Copyright Act) од 1968*, ниту еден дел од книшката не може да се репроцудира или користи повторно за какви било цели без писмена дозвола од Државата на Западна Австралија.

HEN-013975 JAN'22